Врз основа на член 19 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 25 став (7) алинеа 8) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ), Управниот одбор на ИОРРСМ на седницата одржана на 23.03.2023 година, донесе

# **О Д Л У К А**

## **за измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија**

### **Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, Пречистен текст, бр. 0202-383/04 од 14.12.2018 година, Одлука бр. 0202-151/09 од 02.04.2019 година, Одлука  бр. 0202-459/07 од 12.12.2019 година, во натамошниот текст (Тарифникот).

### **Член 2**

Во актите наведени во член 1 од оваа одлука зборовите ,, Република Македонија ,, се заменуваат со зборовите ,, Република Северна Македонија ,, , а зборот „ИОРРМ“ се заменува со зборот „ИОРРСМ“.

### **Член 3**

Во членот 4 се менува и дополнува ставот (1) и гласи ,, Висината на надоместокот за присуство на предавањата за Континуирано професионално усовршување, организирани од страна на ИОРРСМ, со физичко присуство, он-лајн присуство или како настан со комбинирано присуство изнесува ‘’ :

а. 1.500, 00 денари по лице на ден за предавање во времетраење до 4 часа.

б. 3.000,00 денари по лице на ден за предавање во времетраење кое што надминува 4 часа.

### **Член 4**

Во членот 4 се менува ставот (2) и гласи:

(2) Надоместокот за годишно електронско следење на КПУ од веќе одржани презентации, за кое што се признаваат 8 часа КПУ изнесува 8.000,00 денари.

### **Член 5**

Се дополнува членот 4 со нов став (3) во Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРСМ и гласи:

---

*На 27.04.2023 година, СУНРРСМ даде согласност на Одлука за измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРСМ*

,, (3) Надоместокот за следење на интерактивна КПУ едукација преку он-лајн пристап изнесува:

а. 2.100,00 денари по лице, за стандардни модули од 1 час.

б. 3.100,00 денари по лице, за актуелен модул од 1 час.

**Член 4**

Се задолжува Управниот одбор да изработи пречистен текст на Тарифникот согласно донесената Одлука за измена на истиот.

**Член 5**

Оваа Одлука за измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија стапува во сила на денот на донесување на одлуката, а истата ќа се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

***Образложение***

*Измените и дополнувањата на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, Пречистен текст, бр. 0202-383/04 од 14.12.2018 година, Одлука бр. 0202-151/09 од 02.04.2019 година, Одлука бр. 0202-459/07 од 12.12.2019 година, во натамошниот текст (Тарифникот), се вршат како измени од технички карактер за промена на името на државата согласно уставот на Република С. Македонија, како и заради воведување на новитети во понудата за Континуирано професионално усовршување кое што го организира и спроведува ИОРРСМ. Износот на надоместокот за редовните предавања за КПУ е зголемен како резултат на ефектот на инфлацијата при што надоместокот за предавањата не е корегиран во последните 10 години, зголемените трошоци за организирање на настаните, зголемувањето на надоместокот за предавачите на КПУ настаните, а заради подигнување на квалитетот на истите. Земено предвид горенаведеното, Управниот одбор на ИОРРСМ одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.*

Драган Димитров

Претседател на ИОРРСМ